РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-285/4
15-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен врз основа на анонимна пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) на 98-та седница одржана на 11.01.2024 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот бр. 09-285/1 од 16.01.2023 година, оформен по поднесена анонимна пријава, против службеното лице _______________, специјалист ортопед во ЈЗУ УК _________, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 28.11.2022 година, поднесена е пријава против лицето ___________, специјалист ортопед на ЈЗУ УК _______________ по што првично оформен е предмет број 12-9734/1 во Секторот за спречување на корупцијата. Со службена белешка и заклучок на колегиум на ДКСК одржан на ден 10.01.2023 година предметот е префрлен за постапување во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање и е оформен предмет бр. 09-285/1 од 16.01.2023 година.

Во пријавата, е наведено дека лицето ________________, истовремено работел во две комисии во надлежност на Министерство за труд и социјална политика и преку кои се оствaруваа правото на надоместок на нега. Наведеното лице добивал паричен надоместок од двете комисии.

Заради утврдување на фактичката состојба, согласно член 23 став 2 од ЗСКСИ, ДКСК пристапи кон прибирање податоци и информации, по што го утврди следното:

Согласно член 51 од Законот за зсоцијална заштита ( Службен весник на РСМ", бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22 и 65/23):

Потребата за помош и нега од друго лице со наод, оцена и мислење ја утврдуваат стручни комисии формирани во јавни здравствени установи во состав од тројца доктори специјалисти или суспецијалисти од следниве области: интерна медицина, неврологија, психијатрија, физикална медицина и рехабилитација, ортопедија и офталмологија.

Стручните комисии ги формира министерот за здравство на предлог на јавните здравствени установи.

Членовите на стручните комисии имаат право на месечен надоместок за нивната работа во месецот во кој комисијата одлучувала по поднесено барање, во висина најмногу до две третини од просечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија за претходната година според податоците од Државниот завод за статистика.

Министерството за труд и социјлана политика врши исплата на надоместокот за помош и нега од друго лице на јавните здравствени установи.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на 11.01.2024 година, констатира дека постапката по предметот со број 09-285/1 од 16.01.2023 година ќе се запре и истиот да се затвори и архивира бидејќи наводите во пријавата не упатуваат на постоење на судир на интереси, поради што Државната комисија нема елементи за нејзино натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик претседател,
Софка Пејовска Дојчиновска

По заклуок од седница на ДКСК,
Изработил: Б.Џ, - советник
Контролирал: К.З-раководител
Одобрил: м-р. В.Г- член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk